Република Македонија
**Министерство за финансии**

Бр.18-11382/1
Скопје 31.01.2013 година
05 MAR 2013

Влада на Република Македонија
**Министерство за финансии**
**Сектор за правни работи**
Даме Груев 14
1000 Скопје
Република Македонија
Тел/факс:++ 389 2 3106758
Е-пошта: finance@finance.gov.mk
Веб страна: www.finance.gov.mk

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

ПРЕДМЕТ: Извештај за работата на координаторот и заменик-координатарот за еднакви можности на жените и мажите

Почитувани,

Согласно со членот 11 став 8 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Сл.весник на РМ" бр. 6/12), Ви доставуваме извештај за работата на координаторот и заменик – координаторот за еднакви можности на жените и мажите во Министерството за финансии.

Имено, во Министерството за финансии, според податоците за состојбата до 31.12.2012 година, вработени се вкупно 624 лица, од кои од кои 416 лица се жени, а 208 лица се мажи, врз основа на што може да се констатира поголема застапеност на жените во однос на мажите.

Во наведениот вкупен број на вработени, опфатена е Управата за имотно правни работи и Државниот девизен инспекторат, како органи во состав на министерството без својство на правно лице.

Согледувајќи ја состојбата на структурата на вработените во министерството, во групата на раководни државни службеници, вкупно се вработени 103 лица, од кои 73 лица се жени, додека 30 лица се мажи.

Во групата на стручни државни службеници, вкупно се вработени 301 државен службеник, од кои 186 се жени, а 115 се мажи, додека во групата на стручно-административни државни службеници, вработени се вкупно 178 државни службеници , од кои 45 се мажи, а 133 се жени. Исто така, во Министерството за финансии, во работен однос, со статус на работници се вработени вкупно 42 лица, од кои 18 лица се мажи, а 24 се жени.

Координаторот односно заменик-координаторот, присуствуваа на јавната расправа по Предлог текстот на Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020 година и Националниот план за родова еднаквост 2013-2016 година, која беше одржана во месец декември 2012 година.

Со почит,

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
Наташа Стојмановска

Изработил: Марија Митевска
Проверил: Гордана Сусулеска Итиќ
Согласен: Игор Димитров